РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење заведено во однос на тоа дали ќе настане состојба на судир на интереси во ситуација кога претседател на синдикатот на институција ќе конкурира за директор на конкурс во истата институција, односно дали пред да конкурира истото лице требало да биде разрешено од должноста претседател на синдикатот на институцијата.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издаде следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија Ве известува дека, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретната ситуација **не постои судир на интереси**.

Доколку претседателот на синдикатот на институцијата биде избран за директор на ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид при извршувањето на јавните овластувања и должности, во предвид треба да ги земе начелото на законитост и интегритет дека секое службено лице е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси.

Имено, никој не смее да ја користи функцијата, јавните овластувања и должности за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT